**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6499/**

# З А П И С Н И К

**Од 236.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 21.11.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**(скајп)**,Илир Рамадани,Златко Јанковски**,**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
Ивана Трајковска и д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Емилија Николова Христовска-Раководител на Сектор за финансико работење во МРТ.

Седницата започна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 235.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Приговор со бр.04-6277/2 од 15.11.2023 година против Одлука за кратење на плата.

3. Разгледување на Приговор со бр.04-6277/3 од 15.11.2023 година против Одлука за кратење на плата.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 235.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 235.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 235.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 235.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Приговор со бр.04-6277/2 од 15.11.2023 година против Одлука за кратење на плата.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска даде вовед во оваа точка и посочи дека приговорите ќе се разгледуваат заедно бидејќи се однесуваат на еден ист предмет.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска предложи а од членовите на советот беше прифатено да се започне со разгледување на приговорите во наредната точка од дневниот ред.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Приговор со бр.04-6277/3 од 15.11.2023 година против Одлука за кратење на плата.**
Вовед и објаснување по документите кои беа приложени по Приговорот со бр.04-6277/3 даде Емилија Николова Христовска раководител на Секторот за финансико работење во МРТ.
Гајур Рамадани истакна дека во документрацијата новинарката приложила дека секој ден скоро има изготвено прилози за МТВ дури и во викенди и сега малце тука е симптоматично за што е опоментата кога вака излага дека рбаотела, додека за споредба некои дописници на пример имаа по 2-3 прилози месечно за МТВ.
За збор се јави Снежана Клинчарова и се надоврза на претходно кажаното. И таа потврди дека не ја познава лично новинарката Марија Котовска, но многу добро ја познава од тв екранот на МТВ. За мене, продолжи Клинчарова, Марија Котовска е една од ретките, ако не и единствена комплетна новинарка во МТВ: со многу допадлив визуелен изглед, со одличен вокабулар, правоговор и дикција, како и аналитичност во прилозите и разговорите. Со еден збор, кога ќе се појави на тв екранот како сонце да ги огрева гледачите. Ваквите новинари кои се впечатливи, забележливи и присутни на екранот, и многу евидентно дека не се мрзеливи, никако не смеат да бидат казнувани, напротив треба да бидат поддржувани, стимулирани и охрабрувани. Ако уредниците не се тенденциозни, од ваквите новинари можат секогаш да добиваат и квантитет и квалитет.
Бидејќи изгледот на новинар(к)ите е многу важен кога треба да застанат пред камера и доколку шминката и фризурата ја прават со свои пари и во приватно време, куќата треба да им компензира и во двата случаи, а не да ги казнува. Но, најдобро би било куќата, со полн капацитет, да го организира одделението ,,Шминкерна,, како во старите добри времиња, не само за сите новинари што застануваат пред камера, туку и за гостите во емисиите, кои во студиото ќе бидат испратени под будното око на фризерот и шминкерот. Токму квалитетниот ефект од овој сегмент ја исцртува линијата помеѓу професионалноста и аматеризмот на една тв куќа.
Како поранешен уредник во куќата, секогаш сум била и секогаш ќе бидам на страната на квалитетните новинари, кои се посветени на професијата и на куќата во која работат. Пред се, големо трпение, взаемна соработка, поддршка и стимулација, па дури на крајот опомени, санкции и казни. Токму заради ова ќе гласам воздржано, што не значи дека на ја почитувам одлуката на менаџментот.
Членот Златко Јанковски зема збор и кажа дека се согласува со Снежана Клинчарова за предходно кажаното по однос на новинарката која е посочена, како и по однос на принципиелното делување на МРТ.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

Не се согласувам дека главен проблем во куќата треба да биде Марија Котовска и таа да служи како пример за мотивирање на другите новинари да работат посовесно и дека така ќе се решат проблемите во куќата, мислам дека ова е тенденциозно и сакам да побарам доколку може да добиеме евидентна листа како што добивме за предметната новинарка, да добиеме и за останатите новинари целосни листи за месец октомври и да споредиме дали ова се прави само за Марија Котовска или важи и за останатите вработени.

По расправата по Приговорите со бр.04-6277/2 од 15.11.2023 година и со бр.04-6277/3 од 15.11.2023 година на вработената Марија Котовска беше предложен **Заклучок**:
Програмскиот совет се прогласува за ненадлежен по приговорите со бр.04-6277/2 од 15.11.2023 година и со бр.04-6277/3 од 15.11.2023 година на вработената Марија Котовска Новинар 2 во Дневно-информативна редакција.
Во член 37-о став 2 и став 3 од Законот за јавни претпријатија е предвидено дека надлежен орган за одлучување по жалби и приговори на вработените во јавното претпријатие со статус на даватели на јавни услуги во втор степен е управниот одбор на јавното претпријатие и дека управниот одбор одлучува по жалби и приговори на вработените во јавното претпријатие со статус на даватели на јавни услуги во втор степен.
Со тоа, надлежноста на Програмскиот совет на МРТ е само во втор степен по жалби и приговори на вработените во јавното претпријатие со статус на даватели на јавни услуги.
Во доставените приговори нема правен акт од орган во прв стрепен со предвидена правна поука каде незадоволната странка може да се упати на жалба или приговор до второстепениот орган во предвиден рок односно во случајов до Програмскиот совет на МРТ.

По извршеното гласање со 8 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНО, Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис од Државната комисија за спречување на корупцијата до Програмскиот совет на МРТ:
-Барање за доставување информации и податоци со бр.03-6337/1 од 10.11.2023 година.
По однос на ова барање беше разгедан одговор изготвен од службите во МРТ.
Одговорот на барањето со бр.03-6337/7 беше едногласно усвоен и беше договорено да се достави до ДКСК во законски предвидениот рок.

По однос на оваа точка беше донесен и Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот и службите во МРТ да достават Информација колку финансиски средства е планирано МРТ да добие согласно закон, колку од тие средства реално се добиени и се планира да се добијат до крај на 2023 година.Исто така за наредната 2024 година колку средства се планирани од Буџетот на РМ за МРТ.
- Заклучокот едногласно беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател